До
Собранието на акционери
на БИМ а.д. Свети Николе

# И З В Е Ш Т А Ј
За работата на Одборот на директори на
БИМ а.д Свети Николе за период
01.01.2018 – 31.12.2018 година

Свети Николе, април 2019 год.

Во текот на 2018 година Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе работеше согласно Законот за трговски друштва, Статутот и Општиот колективниот договор од областа на стопанството, редовно заседаваше и ги превземаше потребните активности за непречено работење на Друштвото.

Во текот на 2018 година Одборот на директори работеше во следниот состав :

1.Стојанче Стојанов- Претседател на Одбор на директори
2.Ѓорги Стојанов-Извршен член– Генерален директор
3.Слободан Ивановски–неизвршен член
4. Владимир Гилев - неизвршен член
5.Тане Бошев- независен неизвршен член

Во рамките на своите надлежности Одборот на директори ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управувањето а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година одржани се вкупно 26 состаноци на Одборот на директори и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потребниот кворум за работа и полноправно одлучување.

На состаноците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото, а исто така и прашања од општ интерес на друштвото. Донесени се 90 (деведесет) одлуки.

Во овој период на состаноците на Одборот на директори се разгледуваше и одлучуваше по повеќе прашања и тоа :

- Разгледување на редовните извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото како и за финансиската состојба на истото. Сите извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори;
- Разгледување на Годишен извештај и завршна сметка на Друштвото за 2017 година;
- Разгледување на извештајот од Централната пописна комисија по направениот годишен попис;
- Се донесе одлука за свикување на Собрание на акционери;
- Се донесоа одлуки за промена на цени на готови производи во текот на 2018 година;
- Се донесоа одлуки за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места;
- Се донесоа одлуки за прием на нови работници;
- Се донесоа одлуки за откажување на договорите за вработување на вработени поради деловни причини;
- Се разгледа и се усвои Полугодишниот извештај од Службата за внатрешна ревизија на Друштвото;
- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на процесот на управување со неусогласен производ во БИМ а.д. Свети Николе;
- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на сомнителни и спорни побарувања во БИМ а.д. Свети Николе;

- Се разгледа и се усвои Конечниот извештај за извршената ревизија на процес на канцелариско и архивско работење во БИМ а.д. Свети Николе;
- Се одобри исплата на регрес за годишен одмор за 2018 година за вработените во Друштвото;
- Се донесе одлука за вршење на попис со состојба 31.12.2018 година и за формирање на Централна пописна комисија;
- Се донесоа одлуки за набавка на основни средства;
- Се одобри исплата на новогодишен надоместок за вработените во Друштвото;
- Се одобрија средства за набавка на рекламен материјал за новогодишни подароци и др. ;
- Се донесоа одлуки за спонзорства;
- Се донесоа одлуки за службени патувања во странство;
- Се донесоа одлуки за формирање на работни комисии;
- Се донесе одлука за осигурување на имотот на БИМ а.д. Свети Николе.

Од погоре наведеното може да се заклучи дека Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе во текот на 2018 година редовно заседаваше и се запознаваше со проблемите во Друштвото и превземаше активности со цел да се обезбеди поуспешно работење на Друштвото.

Од ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
на БИМ а.д. Свети Николе